**ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ ЗА ГРАНТ**
**Реф.бр. 2883-0022-IFM-NMK-01-2024**

# ИМЕ НА ПРОЕКТ:
# ИНТЕГРИРАНО УПРАВУВАЊЕ СО ШУМИТЕ ДОЛЖ СЛИВОТ НА РЕКАТА ДРИМ

Поднесување на предлози за грант од микро, мали и средни претпријатија и земјоделците и индивидуалци со туристички капацитети за сместување вклучени во деловни активности/развој на производи и услуги поврзани со Интегрираното управување со шуми (ИФМ) во регионот на Дебар и Струга со фокус на одржливо шумарство како природно решение за управување со екосистемот и рурален развој.

## Вовед

ИЦЕП (ICEP – Verein für Globale Entwicklung) во партнерство со ЦНВП Скопје, спроведуваат тригодишен проект „Интегрирано управување со шумите (ИУШ) долж сливот на реката Дрим“, финансиран од страна на Австриската кооперација за развој.
Општата долгорочна цел на проектот е да придонесе за ублажување на климатските промени и одржлив развој за локалните заедници преку поттикнување на различни пристапи за интегрирано управување со шумите и подобрување на условите за живеење на руралните заедници долж реката Дрим во регионот на Скадар (АЛ), Призрен (КО), Струга (НМК) и Никшич (ЦГ).

За да ги достигнеме предвидените проектни цели, започнуваме шема за мали грантови за локални бизниси и земјоделци, индивидуалци со туристички капацитети за промовирање и пилотирање на нови пристапи и практики за еколошки деловни активности. Шемата за грантови се надоврзува на стекнатото искуство на ЦНВП во Албанија и Северна Македонија, како и на обемната работа што ЦНВП ја спроведува во балканските земји во текот на многу години со поддршка на други донатори.

Грантовите првенствено се наменети за квалификувани микро, мали и средни претпријатија и земјоделци/индивидуалци со локално присуство во Дебар и Струга чија мисија и стратегија се фокусирани на генерирање приход. Подобните активности вклучуваат учество на граѓаните во напорите за зачувување на природата, зајакнување на локалните заедници и поттикнување одржливо користење на природните ресурси.

ЦНВП Скопје, нема да поддржува, учествува или интервенира во каква било политичка кампања за или против кој било кандидат за јавна функција.

Отворениот повик за концепти за грант ќе биде објавен на веб страната на ЦНВП и на социјалните медиуми.

## ЗА ПОВИКОТ

Овој повик за предлози за грантови за имплементација на бизнис план е отворен за индивидуалци со туристички капацитети, земјоделци регистрирани и микро, мали и средни претпријатија активни

во регионот на Дебар и Струга, фокусирајќи се на заштита на животната средина, социјален развој, подобрување на заедницата и промовирање на учеството на граѓаните во одржливото користење на природните ресурси.

Темата на овој повик е определен од следната цел:

> Зголемување на социо-економските и еколошките придобивки за локалните заедници преку екосистемски услуги, зајакнати со примена на методите на интегрирано управување со шумите, пошумување и заштита на биолошката разновидност.

**Географскиот опфат на овој повик е ограничен на регионот на Дебар и Струга.**

## Подобрни апликанти

Концепт за грант во рамките на овој повик ќе можат да поднесат локални **индивидуалци со туристички капацитети (регистрирани во Општината), земјоделци и микро, мали и средни претпријатија** кои ги исполнуваат критериумите, активни на територијата на интегрирано управување со шумите во регионот на Дебар и Струга. За целите на овој повик, квалификуваниот апликант мора да има соодветен правен статус според македонскиот закон, да е регистриран за даноци, да нема неподмирени фискални обврски и да има активна банкарска сметка.

**Ве молиме имајте предвид дека апликантите кои моментално добиваат директна поддршка од ADC или кој било проект финансиран од Европа за слични активности не се подобни за овој повик.**

**Микро, малите и средните претпријатија предводени од жени, како и иницијативите на жени-земјоделци ќе имаат предност!**

## Подобни активности

Список на индикативни видови активности:

- Добри практики на земјоделско шумарство
- Еколошко подобрување на шумите
- Пчеларство
- Одржливо берење на недрвени шумски производи
- Одгледување на медицински и ароматични растенија
- Екотуризам

Шемата за подгрантови може да обезбеди поддршка за следните активности, но не се ограничува на:

- Подобрување на механизмите за одржливо користење на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија (претприемачки вештини, промоција, развој на недрвни шумски производи, медицински и ароматични растенија и туризам базиран на природата).
- Набавка на опрема за подобрување на капацитетите за преработка и сушење на недрвни шумски производи и медицински и ароматични растенија (Видови на опрема: прием, собирање и складирање, подготовка за сортирање, чистење, перење, сушење,

дезинфекција, сортирање, калибрација, отстранување на оштетено овошје, опрема за сечење, мелење и друга опрема за подготовка пред преработка, опрема за конзервирање, сушење, замрзнување, опрема за полнење, флаширање, пакување и означување/етикетирање, опрема за следење на квалитетот, системи за контрола со следење на прием, складирање и дистрибуција на производот.)

- Сертификација за органски собирачи.
- Воспоставување локални консолидатори за медицински и ароматични растенија и недрвни шумски производи за да се обезбеди фер трговија и одржливи практики на берба (во партнерство со локалните заедници, промовирање одржливи практики на берба, обезбедување обука и ресурси и обезбедување правични цени).
- Набавка на опрема за преработка и производство на традиционална храна од даватели на туристички услуги базирани на природата, (опрема за преработка: мелници, апарати за мелење и дехидратори, опрема за производство: печки, шпорети и прибор, опрема за туризам базиран на природата, како што е опрема за планинарење и кампување, опрема за авантуристички туризам, опрема за спортови на вода, набљудување на дивиот свет итн.).
- Промовирање на тури за културното и природното наследство како поддршка за локалната економија и зачувување на културната традиција. Можат да бидат поддржани и прекугранични промотивни активности.
- Уредување/подобрување на приватните сместувачки капацитети и услови кај давателите на туристички услуги/производи кои што се засноваат на користење на природни ресурси (за уредување, опремување или реновирање на објектот според традицијата на местото);
- Развој на производи и услуги во заштитени природни средини, наменети за туристчки цели.

### Аплицирање за грант:

Подгрантирањето ќе се спроведува во две фази:

- Прва фаза – Концепт за грант за изработка на бизнис план/Апликација со бизнис идеја за развој на бизнис планови
- Втора фаза – Грант за реализација на инвестицискиот план предвиден во бизнис планот

Квалификуваните апликанти мора да ги достават своите предлози за грант како индивидуалци со туристички капацитети, индивидуални земјоделци и микро и мали и средни претпријатија. Формуларите за апликација и деталните информации може да се најдат во прирачникот за грантови на веб-страницата на ЦНВП: http://cnvp-eu.org

Грантовите побарани според овој повик за предлози мора да се движат помеѓу следниот максимален и минимален опсег:

Индивидуалци со туристички капацитети и земјоделци од **€1000** до **€5,000.**
**За микро, мали и средни претпријатија од €5,000 - €10,000.**

**Крајниот рок за имплементирање на грантот е до 7 месеци, почнувајќи од 01.06.2024 година до 31.12.2024 година, со можност за продолжување само со претходно одобрување од страна на ЦНВП Скопје.**

**Потребни документи за аплицирање:**

Сите апликанти мора да доставaт комплетна апликација која ќе ја содржи следната листа на документација:

ЗА ИНДИВИДУАЛЦИ СО ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ, ЗЕМЈОДЕЛЦИ И МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИА

1. ЗА ИНДИВИДУАЛЦИ СО ТУРИСТИЧКИ КАПАЦИТЕТИ(регистрирани) И ЗЕМЈОДЕЛЦИ

- Формулар за апликација, електронска копија од концептот на грантот за бизнис идеја (Прва фаза/повик)
- Скениран документ за идентификација (лична карта/пасош) на апликантот.
- Документ од банка за потврдување на трансакциската сметка.
- Сите документи треба да се испратат по е-пошта.

2. ЗА МИКРО, МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

- Формулар за апликација – Електронска копија од концептот за грант за бизнис идеја (Прва фаза/повик)
- Фотокопија од документот за идентификација (лична карта/пасош) на апликантот или неговиот законски застапник.
- Потврда(Тековна состојба) од Централен регистар во моментот на аплицирање.
- Доказ за платени даноци за последната фискална година ( Завршна сметка од УЈП).
- Документ од банка за потврдување на трансакциската сметка.
- Сите документи треба да се испратат по е-пошта.
- Во случај на туристички даватели на услуги, правна потврда за сопственост на имот или официјална дозвола за деловни активности.

**Краен рок за поднесување на апликација**

Заинтересираните апликанти треба да ги доставаат своите предлози за грант во електронска верзија на следната е-пошта: grantsifm@cnvp-eu.org најдоцна до **10.05.2024** до 24:00 часот. Апликациите доставени по истекот на рокот автоматски ќе бидат отфрлени.

За да аплицирате за грант според овој повик, ве молиме пополнете го достапниот **формулар за апликација** **here(kreiraj link do web strana)**

**Инфо сесиите за отворениот повик ќе се организира на:**

**29.04.2023 година, со почеток од 11:00 часот во просториите на општинската сала за Совет во Општина Дебар.**

**29.04.2023 година, со почеток од 15:00 часот во Хотел Дрим, Струга.**

Во периодот на отворениот повик за грантови, потенцијалните апликанти можат да поставуваат прашања за документацијата што треба да се достави. Ве молиме испратете ги вашите прашања до ***30.04.2024 година во 16:00 часот***.

Сите прашања од апликантите може да се испратат на е-поштата QA@cnvp-eu.org
Најчесто поставувани прашања ќе бидат објавени на веб-страницата на ЦНВП.

## Процес на преглед на апликации и следни чекори

Процесот на разгледување на предлог-грант ќе трае приближно 10 дена од датумот на крајниот рок. Комитетот ќе ги оцени/избере најдобрите предлози за грант кои ги исполнуваат критериумите за подобност опишани погоре. Само успешните апликанти/ки ќе добијат одговор во кој ќе бидат наведени следните чекори за нивниот предлог- грант.